Women's Civic Initiative

# Соопштение до јавноста

## Кампања: „16 дена активизам за борба против насилството врз жените и семејното насилство“

**25.11-10.12.2012**

## „ИНФОРМИРАЈ СЕ! ЗАШТИТИ СЕ!“

# Бори се против насилството!

Корените на родовото и семејното насилство се длабоко втемелени во половата нееднаквост и опстојуваат со помош на патријархалните структури на моќ кои ја одредуваат машката супериорност и женската инфериорност.

Насилството врз жените (психичко, физичко и сексуално)е најекстремен облик на дискриминација е главен механизам кој влијае врз одржувањето на нерамноправната положба на половите. Затоа , заедно треба да пристапиме кон решавањето на ова антицивилизациско и деструктивно однесување.

Во „Извештајот од студијата за националната анкета за семејно насилство“ (август, 2012) во Програмата на Обединетите Нации за Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство,, во Р. Македонија , дојдено е до следните сознанија:
- Речиси 60% од жените коишто се жртви на физичко насилство се на возраст помеѓу 30 и 64 години;
- 80% од жените жртви на физичко насилство се невработени или неактивни;
- Според етнички групи, најголем број на случаи на физичко насилство што се пријавени се концентрирани кај Македонците (79% од случаите),
- тенденцијата е највисока кај Ромите е повисока во однос на сите останати етнички групи;
- Мнозинството лица кои преживеале сексуално насилство се од возрасните групи 30-64 години (78%), најмногу кај жените на возраст помеѓу 40 и 49 години – најголемиот број случаи во руралните области (67%)
- Мнозинството сторители се машки (62% од целокупниот број сторители),
- Родителите претставуваат 34% од членовите на домаќинството кои извршуваат психолошко насилство,
- 56% од сторителите се сопрузи или сопруги и 10% отпаѓаат на останатите членови на домаќинството;
- Во случајот со физичкото насилство, 41% од сите случаи се извршени од страна на сопругот и 31% од страна на родителот;
- Во однос на сексуалното насилство (прашање упатено само на жените) 100% од извршителите биле сопрузите или поранешните интимни партнери (сопрузи или други машки лица).

## <u>ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ на мрежата на ,Женска граѓанска иницијатива АНТИКО во рамките на Кампањата ,, 16 дена активизам против родовото и семејното насилство,,</u>

ЖГИ АНТИКО и оваа година, заедно со своите 18 членки на мрежата и се приклучува кон широката меѓународна кампања **„Шестнаесет дена активизам против насилството врз жените“** која започнува на 25 ноември со Меѓународниот ден против насилството врз жената, а завршува на 10 декември со Меѓународниот ден на човековите права, за да ја симболизира врската на насилството врз жената и човековите права и да нагласи дека таквото насилство е прекршување на човековите права.

Во текот на 16 дена **мрежата** ќе **реализира** <u>повеќе од 30 настани (работилници, тркалезни маси, јавни дебати, јавни- улични перформанси во 15 локални заедници на Република Македонија</u>. **Освен тоа ќе се дистрибуираат и околу 15.000 примероци промотивен материјали. Во активностите на кампањата се вклучени 160 членки, активистки, волонтери/ки на АНТИКО од** **<u>Скопје, Дебар, Делчево, Пробиштип, Битола, Ресен, Кичево, Гостивар, Куманово Штип, Тетово, Крушево, Липково, Струга и Струмица.</u>**

**Целите на кампањата се да се даде придонесе кон зголемување на јавната свест за проблемот со семејното и родовото насилство на локално и национално ниво, превенирање на насилството и подобрување на заштитата на потенцијалните жртви, како и потсетување на сите релевантни институции и засегнати страни за потребата да се обезбеди нивно активно, организирано, координирано и ефикасно приклучување кон заложбите за елиминирање на родовото насилство.**

Активностите на кампањата( особено), се насочени кон сензибилизирањето на **младата популација** во **образовните институции и претставниците на државните институции** во насока на формирање позитивни ставови во однос на родовата рамноправност и еднаквите можности се со цел на елиминирање на родовите предрасуди и стереотипи кои создаваат ,,плодно тло,, за одржување на насилството.

Со пораката која им ја упатуваме до институциите бараме: **<u>доследно спроведување на законската регулатива, зголемување на довербата на жртвите во институциите, подобрување на мерките и механизмите за обезбедување ефикасна помош и поддршка на жртвите на насилство, подобрување на уловите во прифатилиштата и успешна реинтеграција на жртвите во општествените текови( социјална интеграција и економско зајакнување- контретни бројки на успешни практики )</u>**

**<u>Со оваа кампања , Антико , очекува да даде придонес во создавањето на еден побезбеден свет со живот без насилство и почитување на правата на секоја индивидуа.</u>**

Подетални информации за темата и организираните настани и активности можете да најдете на календарот на веб страницата на ЖГИ Антико, www.antiko.org.mk.
ЖГИ АНТИКО

*Годишната програма на АНТИКО е поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, која е имплементирана од страна на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа и финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC)*